


# Merlot Single Vineyard Reserva 2014

Суво црвено вино произведено 100% од внимателно избрани гроздови од сортата Merlot од сопствените насади во близина на винаријата Камник. Ова вино се одликува со длабока рубин црвена боја со виолетова нијанса. Процесот на 20-месечно одлежување на виното во нови барик-буриња од американски и француски даб резултира во комплексен мирис кој открива овошно-зачински тонови, со доминантна арома на суви сливи, надополнета со ноти на ванила и кафе. Виното има полн, развиен и елегантен вкус кој изобилува со меки и интегрирани танини, а долготрајниот и пријатен послевкус се карактеризира со сладок корен и чоколада.

Ова вино совршено се комбинира со специјалиети од месо, особено со дивеч со додаток на разни пикантни сосови, како и со разни видови на сирења.

Препорачанта температура за конзумирање: 15-18°C

**Алкохол**: 15% Vol.

**Полнето**: Септември 2016

**НАГРАДИ**: Concours Mondial de Bruxelles 2017, Belgium – **Златен медал**